РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-1500/13
08.10 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 70 од Статутот на Економскиот факултет – Скопје, во состав на Универзите „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.444/2019 и 526/2020), Наставно – научниот совет, на седницата одржана на ден 30.9.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за присуство на настава**

Член 1

Студентот запишан на прв или на втор циклус студии на Економскиот факултет – Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) има право и обврска редовно да присуствува на наставата односно на предавањата и вежбите кои се организирани по предметите кои ги запишал во соодветниот семестар.

Член 2

Присуството на настава, претствува предуслов, студентот да може да полага колоквиум односно завршен испит по предметната програма која ја запишал.

Член 3

Студентот своето присуство, на секој предмет посебно, го евидентира преку електронска апликација, која што е достапна само во зградата на Факултетот.

Член 4

Студентот е должен да реализира најмалку 50% присуство на наставата од фондот на часови кои се предвидени по соодветената предметна програма од почетокот на школската година до одржувањето на прв колквиум за да се стекне со право истиот да го полага.

Студентот којшто ќе положи прв колоквиум е должен да реализира најмалку 50% присуство на наставата од фондот на часови кои се предвидени по соодветената предметна програма од завршувањето на првиот колоквиум до крајот на семестарот за да се стекне со право да полага завршен колквиум.

Студентот е дожен да реализира најмалку 50% присуство на наставата од вкупниот фонд на часови кои се предвидени по соодветената предметна програма во текот на целиот семестар за да се стекне со право да полага испит по запишаниот предмет во рамки на испитните рокови.

Член 5

Наставникот има автономно право најмногу до 10% од процентот којшто е утврден по ставки со член 4 од оваа одлука, да дозволи студентот да може да го надополни преку активност која е поврзана со предметната програма.

Член 6

Доколку студентот не реализирал доволен процент на присуство на настава, којшто се побарува со член 4 став 1 и 2 од оваа одлука, нема право да полага колоквиум.

Доколку студентот не реализирал доволен процент на присуство на настава, којшто се побарува со член 4 став 3 од оваа одлука, има право (согласно Одлуката за

утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје) да поднесе барање со кое ќе побара надоместување на нереализирана настава по предметна програма.

Надоместувањето на нереализираната настава по предметната програма, може да се користи во текот на целиот семестар во термини коишто се определени од страна на наставникот.

Член 7

Студентите кои заради оправдани причини не успеале во целост да го остварат процентот кој што се побарува со член 4 од оваа одлука, можат да поднесат барање, по кое одлучува продеканот за настава.

Член 8

Оваа одлука ќе започне да се применува од учебната 2024/2025 година.
Оваа одлука може да се менува со одлука на Наставно - научниот совет.
Оваа одлука да се објави на веб страницата на Факултетот.

**Д Е К А Н**

**Проф. д-р Предраг Трпески**